Валтер Бенјамин

# ЕДНОНАСОЧНА УЛИЦА

---

# ДЕТСТВОТО ВО БЕРЛИН ОКОЛУ ИЛЈАДА И ДЕВЕТСТОТАТА

traduki

Издавањето на ова дело е поддржано од Традуки, мрежа за литература иницирана од страна на Сојузното министерство за европски меѓународни прашања на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската Фондација за култура „Про Хелвеција“, Култур-контакт Австрија, Гете институтот и фондацијата „С. Фишер“.

БИБЛИОТЕКА – *ARS MAGNA*

Главен уредник
*Филип Димевски*

Наслов на оригиналот
*Walter Benjamin, GESAMMELTE SCHRIFTEN, BAND IV*

**Copyright © за македонското издание Бегемот, 2018**
**Copyright © за македонскиот превод, Традуки**

Превод од германски јазик
*Катерина Јосифоска*

Јазична редакција
*Филип Димевски*
*Ѓоко Здравески*

Компјутерска обработка
*БЕГЕМОТ*

Ликовно уредување
*Бојан Димитријевиќ*

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

*Валтер Бенјамин*

# ЕДНОНАСОЧНА УЛИЦА

---

# ДЕТСТВОТО ВО БЕРЛИН ОКОЛУ ИЛЈАДА И ДЕВЕТСТОТАТА

Бегемот

Скопје, 2018

# Содржина

**Еднонасочна улица** .......... 7

Бензинска пумпа .......... 9
Киоск за појадок .......... 11
Бр. 113 .......... 13
За мажите .......... 16
Часовник што покажува точно време .......... 17
Врати се! Сѐ ти е простено! .......... 18
Луксузно наместен десетособен стан .......... 19
Кинески производи .......... 21
Ракавици .......... 23
Мексиканска амбасада .......... 24
Овие садници се доверени на заштитата на публиката .......... 26
Градилиште .......... 28
Министерство за внатрешни работи .......... 30
Знаме... .......... 32
...на половина копје .......... 33
Царска панорама .......... 34
Подземни работи .......... 45
Фризер за беспрекорни дами .......... 46
Внимание, скали! .......... 47
Заколнат книжевен ревизор .......... 48
Наставни средства .......... 51
Германци, пијте германско пиво! .......... 53
Забрането лепење плакати! .......... 54
Бр. 13 .......... 60
Оружје и муниција .......... 63
Прва помош .......... 64
Внатрешна архитектура .......... 65
Продавница за хартија и прибор за пишување .......... 66
Галантерија .......... 68
Зголемувања .......... 70
Антиквитети .......... 76
Часовници и накит .......... 79
Светилка свиткана во лак .......... 81
Loggia .......... 82
Биро за најдени предмети .......... 83
Стојалиште за најмногу три пајтони .......... 85
Споменик на паднатиот војник .......... 87
Пожарен аларм .......... 89
Спомени од патување .......... 91
Оптичар .......... 96
Играчки .......... 97
Поликлиника .......... 105
Станови за изнајмување .......... 106
Канцелариски материјал .......... 108
Пакети: испраќање и пакување .......... 110
Затворено поради преуредување .......... 111
Ресторан за самопослужување „Аугија“ .......... 112
Продавница за поштенски марки .......... 113
Si parla italiano .......... 118
Техничка прва помош .......... 119
Ситна роба .......... 121

Даночен советник ........ 122
Правна помош за сиромашните ........ 124
Ноќното ѕвонче на лекарот ........ 126
Мадам Аријадна, во вториот двор лево ........ 127
Гардероба за маски ........ 130
Обложувалница ........ 132
Пивница во која се пие стоејќи ........ 134
Забранет пристап за просјаци и торбари! ........ 137
Кон планетариумот ........ 138

**Детството во Берлин околу илјада и деветстотата** ........ 143

Тиергартен ........ 145
Царска панорама ........ 150
Столбот на победата ........ 153
Телефон ........ 157
Ловење пеперутки ........ 160
Заминување и враќање ........ 163
Задоцнување ........ 166
Зимско утро ........ 167
На аголот помеѓу Штеглиц и Гентин ........ 170
Креденец ........ 174
Будење на сексуалноста ........ 176
Вест за смрт ........ 178
Халата на пазарот на плоштадот Магдебург ........ 180
Засолништа ........ 182
Две загатки ........ 184
Видра ........ 187
Блуменсхоф 12 ........ 191
Кумарелена ........ 197
Бои ........ 202
Друштво ........ 204
Кутија со букви ........ 210
Рингишпил ........ 212
Мајмунски театар ........ 214
Треска ........ 216
Два вида блех-музика ........ 224
Книги ........ 227
Училишна библиотека ........ 230
Новиот пријател на германската младина ........ 235
Сениште ........ 237
Масичка ........ 240
Божикен ангел ........ 244
Ормани ........ 247
Просјаци и проститутки ........ 254
Зимска вечер ........ 257
Кутија за плетало ........ 259
Несреќни случаи и злосторства ........ 264
Лоѓии ........ 269
Кривулеста улица ........ 274
Островот на пауните и Глинике ........ 277
Месечина ........ 282
Грбавото човече ........ 287

# ЕДНОНАСОЧНА УЛИЦА

*Оваа улица се вика улица Асја Лацис*
*според онаа што како инженер*
*ја проби низ авторот*

# БЕНЗИНСКА ПУМПА

Создавањето на животот во моментов е многу повеќе под власт на фактите отколку на убедувањата. И тоа на такви факти што никогаш и никаде не послужиле како основа врз која се засноваат убедувања. Во такви околности, не може да се бара вистинската книжевна активност да се одвива во книжевни рамки – напротив, таа е чист израз на нивната јаловост. Значајното книжевно творештво може да проистече единствено од строгата размена меѓу дејствувањето и пишувањето; тоа мора да се развива во летоци, брошури, ревијални написи и плакати, скромни форми што подобро соодветствуваат на нејзиното влијание во активните заедници, отколку претенциозниот, универзален гест на книгата. Единствено таквиот моментален јазик се покажува делотворен во сегашниов миг. Мислењата за широкиот апарат на општественото живеење се она што е маслото за машините: не може да се излезе пред некоја турбина и врз неа едноставно да се

истури моторно масло, туку се капнуваат неколку капки во скриените навртки и зглобови, кои мора добро да се познаваат.

# КИОСК ЗА ПОЈАДОК

Народното предание советува соништата да се раскажуваат наутро, на празен стомак. Во таа состојба, штотуку разбудената личност, всушност, сè уште е под влијание на сонот. Зашто миењето ја изнесува на виделина само површината на телото и неговите видливи моторни функции, додека во подлабоките слоеви, дури и во текот на утринското чистење, сè уште опстојува сивиот самрак на сонот, па ја опфаќа дури и осаменоста на првите будни моменти. Оној што се плаши од допирот со денот, без оглед дали тоа е поради страв од луѓето или поради желба за внатрешен мир, нема да јаде и со презир ќе го одбива појадокот. Така го избегнува раскинот помеѓу светот на ноќта и светот на денот. Тоа е претпазливост, која, во недостаток на молитва, може да се оправда единствено со согорувањето на сонот во концентрирана утринска работа, но која инаку води кон нарушување на ритамот на животот. Во таквата состојба раскажувањето на соништата е кобно,

зашто човекот, сè уште половично заглавен во светот на сонот, со своите зборови го издава и потоа мора да ја очекува неговата одмазда. Кажано со посовремен речник: тоа е предавство на себеси. Човекот ја напуштил заштитата на наивноста на сонот и им се предава на своите сновиденија, иако не владее со нив. Зашто, само од другиот брег, од областа на денот, смее да му се обраќа на сонот неказнето, благодарение на меморијата. Таа оностраност на сонот може да биде досегната единствено по пат на некакво прочистување, аналогно на утринското миење, а кое сепак е сосем различно од него. Тоа поминува низ стомакот. Оној што со празен стомак зборува за сонот исто како да зборува за него сè уште спиејќи.

# БР. 113

*Часовите што содржат облик*
*истекле во куќата на сонот.*

*Сутерен*

Одамна го заборавивме ритуалот што управува со изградбата на куќата на нашите животи. Но, кога ќе дојде моментот таа да издржи напад и кога непријателските бомби веќе паѓаат, какви ненадејни, необични старини ни откриваат тие бомби во темелите на куќата! Што сè не било закопано и жртвувано со искажување волшебни формули, какви сè морничави реткости може да се најдат таму долу, каде што најдлабоките јами се сочувани за најсекојдневното! Во една ноќ исполнета со очај, се видов себеси во сон, плашливо обновувајќи го пријателството и братството со својот прв другар од училишните денови, за кого веќе со децении не знам ништо и на кого дури и во овој момент одвај се сеќавам. Но, додека се

будев, ми стана јасно: она што чувството како експлозија го изнесе на виделина, всушност, беше трупот на тој човек зазидан на тоа место, и требаше да се разбере дека оној што живее овде и сега во ништо не треба да е сличен на него.

*Предворје*

Посета на куќата на Гете. Не можам да се сетам дали во тој сон ги видов собите. Имаше само низа варосани ходници, како во некое училиште. Двајца постари англиски посетители и кустосот се статисти во сонот. Кустосот бара да напишеме нешто во Книгата на спомени, која лежи отворена на пултот од прозорецот на најоддалечениот крај на еден ходник. Додека ѝ приоѓам, прелистувајќи ја, откривам дека во неа веќе се наоѓа моето име, испишано со големи букви, со невешт детски ракопис.

*Трпезарија*

Се сонував себеси во работната соба на Гете. Воопшто не беше слична на онаа во Вајмар. Пред сè, беше сосем мала и имаше само еден прозорец. Работната маса со една од своите пократки страни допираше до ѕид што гледаше кон единствениот прозорец. Покрај масата седеше поетот, веќе многу стар, и пишуваше. Стоев настрана, кога тој одеднаш прекина со пишувањето и ми подари мала античка вазна. Ја вртев во рацете. Во собата беше многу топло. Гете стана и влезе по мене во соседната просторија, каде што беше поставена една долга маса за моите роднини. Но масата изгледаше како да

е наменета за поголем број луѓе отколку што ги имаше тука. Несомнено беше поставена и за предците. На десниот крај од масата, го заседов своето место покрај Гете. Кога завршивме со јадењето, тој со напор стана, а јас со гест го замолив за дозвола да го придржам. Само што му го допрев лакотот, заплакав од возбуда.

## ЗА МАЖИТЕ

Убедувањето е залудно.

# ЧАСОВНИК ШТО ПОКАЖУВА ТОЧНО ВРЕМЕ

За великаните, завршените дела се полесни отколку фрагментите на кои работат цел живот. Зашто само послабиот, порасеаниот, црпи неспоредливо задоволство од завршувањето и се чувствува како со тоа одново да си го подарува себеси својот живот. За генијот, пак, секој вид прекин, па дури и тешките удари на судбината, доаѓа како благодатна починка среде макотрпниот труд во неговата лична работилница. И нејзиното маѓепсано опкружување тој го заокружува во фрагмент. „Генијот е трудољубивост.“

# ВРАТИ СЕ!
# СЀ ТИ Е ПРОСТЕНО!

Како некој што на вратило прави големо салто напред, така самите од себе, кога сме млади, правиме тркало на среќата од кое потоа, порано или подоцна, произлегува најголемата судбина. Зашто, само она што сме го знаеле или сме го практикувале уште кога сме имале петнаесет години, еден ден ќе ја сочинува сета наша *attrattiva*[1]. И затоа постои нешто што повеќе никогаш не може да се надомести: пропуштената можност да се побегне од родителите. Таа препуштеност на себеси во тек од четириесет и осум часа, на таа возраст, ѝ овозможува на животната среќа да се создаде онака како што се формира кристал од некој алкален раствор.

---

[1] (итал.) Привлечност (прев.).

# ЛУКСУЗНО НАМЕСТЕН ДЕСЕТОСОБЕН СТАН

Единствениот задоволителен аналитички приказ на стилот на мебелот во втората половина на деветнаесеттиот век истовремено нуди и извесен вид криминалистички роман, во чие динамично средиште се наоѓа ужасот на станот. Распоредот на домаќинството во исто време е и план за распределување на смртоносни стапици, а нижењето на собите ѝ ја пропишува на жртвата траекторијата на нејзиното бегство. Фактот дека ваквиот вид криминалистички роман започнува со По, односно во времето кога таквите огромни станови одвај постоеле, не го докажува спротивното. Зашто големите писатели, без исклучок, ги изведуваат своите комбинации во свет што се создава по нив; па така, париските улици од песните на Бодлер, како и книжевните ликови на Достоевски, не постоеја пред 1900 година. Граѓанскиот ентериер од шеесеттите до деведесеттите годи-